


# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 3-10јуни 2025 Билтен бр. 598**

# КАРПОШ НА УДАР НА НЕФУНКЦИОНАЛНИОТ ДРЖАВЕН СИСТЕМ – ЈАКИМОВСКИ АЛАРМИРА ЗА БЛОКАДИ И ИГНОРАНТСКИ ОДНОС ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, остро реагира на нефункционалноста на државниот систем, укажувајќи на сериозните проблеми со кои се соочува локалната самоуправа во обезбедување на основни услуги за граѓаните.**

**„Морам да ја информирам јавноста за големите потешкотии со кои секојдневно се соочуваме во Карпош, како резултат на нефункционалниот државен апарат. Имаме апсурдна ситуација – од две градинки да правиме една, бидејќи нема персонал. И покрај тоа што градинките ни се полни, родителите ако сакаат да плаќаат, ние да сакаме да вработиме – не можеме. Веќе една година Владата не успева да реши основно прашање: издавање лиценци за негувателки и воспитувачки. Без лиценци – нема вработувања, иако парите се предвидени во државниот буџет!“, посочи Јакимовски.**

**Тој истакна дека во градинката „Орце Николов“ минатата година заминале осум вработени – негувателки, воспитувачки и технички персонал – и за ниту едно место не е добиено одобрение за вработување. Слична е состојбата и во градинките „Распеана младост“ и „Пролет“, каде во пензија заминале повеќе негувателки и воспитувачки, но за ниту едно место нема добиено дозвола за нови вработувања.**

**„Министерството за финансии на 3 декември ни одобри пет вработувања со важност до 31 декември, а Министерството за труд и социјална политика ни ги достави одобренијата дури на 3 февруари. Ете така функционира системот во кој живееме – нефункционален и партизиран. Истите барања повторно ги поднесовме – пак сме одбиени, иако средствата се веќе одобрени во буџетот на државата“, нагласи градоначалникот на Карпош. Јакимовски исто така реагира на одлуката на Министерството за образование да ѝ одземе на општината 16 милиони денари за образованието, како и на фактот дека Министерството за транспорт и врски ги држи заглавени три важни урбанистички планови. „Немаат одобрување – сè стои“, додаде тој.**

**Особено загрижувачки е барањето на Министерството за внатрешни работи, кое доставило допис до Општина Карпош да достави цела легализациска документација за објектите на потегот од „АБЦ“ клубот до раскрсницата со булеварот „8-ми Септември“. „Јавно го прашувам министерот – дали вакво писмо сте испратиле и до Чаир? Или можеби до Аеродром?“, праша Јакимовски.**

Тој укажа и на апсурдната ситуација што на седница на Генералниот секретаријат на Владата, како точка на дневен ред, се разгледува предлог-одземање на спортската сала „Партизан 4" од локалната самоуправа на Карпош, иако општината вложила средства во нејзиното одржување. „Прво ни ги земаа бараките, сега сакаат и спортската сала. Во Карпош не дозволуваат да се вработи ниту еден човек во градинките, каде имаме зголемен наталитет. Додека ние се бориме за подобри услови, централната власт не прави ништо", рече Јакимовски.

Тој заклучи дека државата не може да ја водат луѓе кои создаваат проблеми наместо решенија. „Имаме нефункционален систем кој ја разединува државата. Никакви реформи нема, особено во урбанизмот. Целата 'реформа' се сведува на тоа да се оневозможи граѓаните да знаат дека нивниот сосед гради", порача Јакимовски.

Градоначалникот на Карпош предупреди и за проблемите со инклузијата во образованието: „Можно ли е во едно училиште да имаме 25 деца со лесни, умерени и тешки пречки во развојот, плус деца што не се категоризирани, а да нема дефектолог?".

На крајот, Јакимовски упати директни прашања до централната власт:

„Чувствува ли одговорност за состојбата во град Скопје? За хаосот во јавниот превоз? За полните контејнери и нехигиената? Оваа власт нема појма како се води држава. Таму каде што поднесуваме жалби, чекаме одговори со месеци. Јас ова го зборувам

## НАГРАДНО ЛЕТУВАЊЕ ЗА ДРЖАВНИТЕ ПРВАЦИ ВО ФУТСАЛ

Советот на Општина Карпош ја одржа 66-тата седница, во чии рамки советниците расправаа и полноправно одлучуваа по 15 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока беше изгласана Предлог – Одлуката за наградување со екскурзија – летување во детски камп Каливас (Грција), на училишната спортска екипа на ООУ „Петар Поп Арсов" во футсал (момчиња) за освоено прво место на национално првенство во училишен спорт. Имено, основците од Карпош постигнаа голем успех освојувајќи го победничкиот пехар при што се промовираа во државни прваци во футсал, на малите олимписки игри кои се одржаа кон средина на мај годинава во Кочани и Делчево, во организација на Федерацијата за училишен спорт на Македонија.

Советниците дадоа поддршка за изменетата и дополнета Програма од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година. Станува збор за одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на општината, каде во потточката со наслов „Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување" финансискиот износ од 3.000.000 денари се заменува со износот 7.000.000 денари. Потребната поддршка ја доби и Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Карпош за 2025 година. Измени и дополнување ќе има и Програмата за активностите на Општината во областа на образованието за 2025 година. Имено, финансиската поддршка за проекти од областа на образованието се менува во делот на предвидениот финансиски износ, на кој се додаваат 250.000 денари при што вкупната финансиска рамка сега изнесува 750.000 денари.

Поддршка од Советот доби и Предлог – Одлуката за суспензија на одредени делови од ДУП-от 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември). Со оваа Одлука се суспендирааат од применување, градежните парцели: 1.48, 1.49; 1.53 и 2.1 од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември). Со суспендираните делови од деталниот урбанистички план се штити јавниот интерес кој е приоритетен и за јавниот интерес се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките изработување, донесување,

спроведување на урбанистичките планови.

Советниците дадоа „зелено светло" за Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. Во случајов, измените се вршат во колоната на Буџет во програмата ФАО –Уредување на градежно земјиште (капитални расходи), на конто Надомест на одземен имот во износ од 9.000.000 денари, а средствата се намалуваат поради тоа што со Буџетот се предвидени повеќе средства. Со Одлуката се зголемуваат средствата во програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност во износ од 2.000.000 денари, за да се обезбедат дополнителни средства за исплата на субвенции за покриви и лифтови. Исто така ќе се зголемат и финансиските средства во програмата Ј30-Јавно осветлување за износ од 4.000.000 денари, за да се обезбедат финансии кои се наменети за одржување на јавното осветлувањево Карпош. Зголемување на средствата бележи и програмата Н10 – Основно образование во износ од 250.000 денари, а средствата се наменети за ООУ „Петар Поп Арсов" кои се нивни сопствени приходи, остварени од закуп на градинката. Зголемени се и средствата на конто Други трансфери во износ од 250.000 денари, кои се наменети за финансиска поддршка на проектот во чии рамки функционира Канцеларијата за родителство во ООУ „Јан Амос Коменски".. За дополнителни 2.500.000 денари се зголемуваат средствата од програмата ЛАО – Спорт и рекреација (капитални расходи) кои ќе бидат наменети за реконструкција на детски игралишта на територија на локалната самоуправа. Во истата програма се прават измени со кои се додаваат 307.000 денари, од контото Други трансфери. Овие средства се префрлаат на контото Патување во странство/сместување, со кои ќе бидат покриени трошоците за наградното летување кое Општина Карпош им го обезбеди на основците од „Петар Поп Арсов", кои неодамна го освоија првото место на државното првенство во футсал.

## ДИГИТАЛИЗИРАНИ ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД КАРПОШ

**Денеска, во просториите на ООУ „Јан Амос Коменски" , највозрасните граѓани на Карпош, се здобија со сертификати за дигитална писменост. По 12 недели, бесплатните обуки кои ги спроведе аутсорсинг компанијата Таск-ХРС, постарите карпошани научија како да го користат компјутерот како средство за побрзо и навремено плаќање пред се на сметките и користење на интернетот. Исто така, тие се стекнаа со практични вештини за примена на паметните телефони, како и користење на услугите какви што се електронското банкарство, социјалните мрежи (Facebook, Instagram) итн.**

**Имено, ова беше иницијатива која се реализираше преку годишната Програма на локалната самоуправа за еднакви можности меѓу жените и мажите, за која Општината од својот буџет одвои 600.000 денари.**



# ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ЌЕ ДОБИЈАТ ЦЕНТАР ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

**Поттикнати од мотото „Заедно сме – се грижиме со срце и одговорност", градоначалникот Стевчо Јакимовски и м-р Катерина Димова од Здружението „Неуроклиник" вчера потпишаа договор за меѓусебна соработка. Оттука, Општина Карпош и Здружението за здрав раст и развој на деца, адолесценти и возрасни – „Неуроклиник" ќе работат заедно на воспоставување на дневен престој за лица со посебни потреби. Инаку, станува збор за проект кој се реализира во рамки на Програмата за подобрување на социјалните услуги, а истиот е поддржан од Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ и Светска банка.**

**Во тој поглед, дневниот центар нуди инклузивно и функционално опкружување каде што лицата со попреченост ќе добијат стручна грижа, психосоцијална поддршка, социјализација и развој на животни вештини. Оваа иницијатива претставува вистински исчекор кон едно хумано општество, кое ги препознава и воедно одговара на потребите на граѓаните од сите социјални категории.**



# КАРПОШАНИ ДАРУВААТ КРВ ВО ЧЕСТ НА ДЈ ИЦКО



**Во рамки на планираните програмски активности на Секторот за развој на Општина Карпош, денеска во спортската сала на ООУ „Лазо Трповски“ се одржа крводарителска акција во организација на локалната самоуправа. Веќе трета година по ред, иницијатор на оваа хумана акција е здружението ГАЛИЦКО, а истата се реализира во чест на карпошанецот диџеј Ицко, кој почина во време на корона пандемијата. Инаку, ова здружение со седиште во Карпош и Галичник организира низа други настани од солидарен карактер.**

**Денешната акција во која учествуваат хуманите граѓани – крводарители, потоа, административците од Општина Карпош како и работниот персонал од детските градинки и основни училишта на територија на локалната самоуправа, започна во 9 часот и ќе трае до 17 часот попладне. Градоначалникот Стевчо Јакимовски ги повика граѓаните да дојдат и да даруваат крв, бидејќи капка крв може да спаси нечиј живот.**

**-Ние како Општина, досега безброј пати сме биле организатори на крводарителски акции, со цел да помогнеме онаму каде што сме најпотребни, односно да спасиме нечиј живот. Затоа апелирам и ги повикувам сите здрави и способни сограѓани, да дојдат и да се приклучат на оваа акција – рече првиот човек на Општината.**

**Во таа насока Општина Карпош како општествено одговорна институција, изгради традиција на одржување на крводарителски акции уште од 2004 година, еднаш на пролет и на есен (по повод денот на Општината 3. ноември), на тој начин поттикнувајќи ги граѓаните да бидат хумани и да донираат крв.**

# ИНФОРМАТИЧКИ УЧИЛНИЦИ ВО СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Во рамки на ООУ „Братство“ денеска беше пуштена во употреба првата ИТ – училница, која е опремена со 28 нови комјутерски конфигурации. Инаку, со помош на локалната самоуправа ќе бидат отворени вакви специјализирани кабинети и во останатите основни училишта на територија на Карпош. Училниците се наменети за потребите на основците, кои во рамки на образовната настава го изучуваат предметот Техничко образование и информатика.**

**За оваа намена, Општината преку Одделението за образование издвои од својот буџет финансиски средства во висина од 5.500.000 денари. Покрај информатичките кабинети, сите основни училишта во Карпош во своите училници располагаат со смарт – панели (смарт – табли), од каде наставата се одвива според високите едукативни стандарди. По тој повод денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски направи обиколка на ООУ „Братство“, од каде присуствуваше на училишниот час на кој наставата се одвива со помош на новите електронска опрема.**

**Во сите основни училишта на територија на општина Карпош, обезведивме по една компјутерска сала, значи по 30 компјутери за учениците каде се одвива наставата од 6-то до 9-то одделение. Во исто време, секаде да има и смарт панел, на најсовремен можен начин да се одвива наставата по компјутерско образование. За ова издвоивме 5,5 милиони денари за во сите десет училишта да имаме по една компјутерска сала. Набавивме вкупно 254 компјутери и по еден смарт панел за секоја компјутерска сала. Тоа значи дека од септември, сите ученици од Карпош ќе ја започнат новата учебна година со комплетно нова опрема и нов начин на водење на наставата – истакна Јакимовски.**



# АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ОД КАРПОШ – СЕВКУПНИ ПОБЕДНИЦИ НА СИНДИКАЛНИТЕ ИГРИ ВО ОХРИД

**Вработените од Општина Карпош и годинава целосно доминираа во рамки на 30-тите јубилејни спортски игри и средби, кои ги организираше Синдикатот на УПОЗ овој викенд во Охрид. Административците од Карпош ја покажаа својата мотивираност и спортска подготвеност, меѓу силната конкуренција во која учествуваа бројни екипи од управата и правосудството.**

**Имено, во мал фудбал и кошарка, мажите го освоија првото место, додека пак карпошанки го подигнаа победничкиот пехар во баскет, стрелаштво, тенис и пливање, а во пикадо ја обезбедија бронзата. Во заедничките дисциплини (мажи и жени), административците од Карпош беа непобедливи во одбојка и шах, а во влечење јаже ја освоија третата позиција. Заради постигнатите високи резултати, екипата на Општина Карпош беше промовирана во севкупен победник на Синдикалните игри на УПОЗ за 2025 година.**



# НОВА ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА ЗА СИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Согласно новата концепција за основно образование која беше донесена во 2021 година, сите основци од Карпош ќе бидат активно вклучени во информатичката настава која ќе се одвива по најсовремени технолошки стандарди. Затоа Општината со сопствени средства набави нови интерактивни смарт панели во сите основни училишта на нејзина територија, кои ќе бидат дел од едукативниот процес во кој учествуваат учениците од I до IX одделение.**

**Имено, сите образовни установи во Карпош во рамки на своите училници во кои се одвива одделенска и предметна настава, ќе располагаат овие современи технолошки алатки за работа. За таа намена, локалната самоуправа преку Одделението за образование издвои 8.500.000 денари со кои се обезбедија уште 95 смарт панели. Оттука, во секоја училница може да се реализира наставата на далечина со вмрежување на е-платформи, преку кои се изучуваат нови софистицирани информатички програми.**

**По тој повод денеска градоначалникот Стевчо Јакимовски направи обиколка на ООУ „Димо Хаџи Димов“, каде непосредно присуствуваше на часот по Хемија во предметна настава.**



# ОДРЖАНА НАЦИОНАЛНАТА ОБУКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДНИ ТОКОВИ

**Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ) – Северна Македонија во соработка со Општина Карпош и Општина Зелениково, денеска одржаа национална обука на тема „Управување со водни текови и протокол за визуелна проценка на водотеците (СВАП методологија)". Едукативната обука се одржа на Универзитет Скопје каде стручните лица дискутира со јавноста за управување со водните текови, потенцијалните ризици, предизвици и решенија. Во рамките на обуката се одржа и предавање за СВАП Методологијата и за предизвиците со кои се среќаваат општините но и решенијата кои се спроведуваат за подобро управување на водотеците.**

**Во таа насока учесниците ќе ја посетат и Микробиолошката лабораторија при ЈП „Водовод и канализација" каде ќе имаат предавање на обуката на тема Квалитет на водата и водоснабдувањето со цел да ја информираат јавноста за оваа проблематика. Работилницата финишираше со показна вежба покрај кејот на реката Вардар каде учесниците имаа можност да направат проценка на квалитетот на водата на реката Вардар користејќи ја оваа методологија.**

**Инаку, националната обука се оддржува во рамките на проектот „Брза проценка на водотеците на Западен Балкан" финансиран од US Forestry Service (USFS) Шумарската служба на САД, фокусирајќи се на главната тематика за управување со водни текови во двете македонски општини. Партнери во овој Проект се Здруженија за заштита на животната средина од Босна, Албанија, Црна Гора и Косово, Општина Карпош и Општина Зелениково. Целта на овој проект е да се забележат и евалуираат проблемите со управувањето со водите во регионот на Западен Балкан, како и да се истакнат можните начини на соработка за решавање и ублажување на некои од предизвиците со кои се соочува управувањето со водите во регионот.**

